Архивски број: 08-610/6
Датум: 17-12-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08-610/1 од 10.09.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted], Скопје, против ООУ „Димитар Миладинов" – Скопје, со седиште на бул. "Кочо Рацин", бр. 17 во Скопје, претставувано од [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на ментална и телесна попреченост, здравствена состојба и друга основа, во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на ден го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на ментална и телесна попреченост, здравствена состојба и друга основа во областа на работа и работни односи, од страна на [redacted] на ООУ "Димитар Миладинов" – Скопје, [redacted] кон [redacted] од Скопје.

## Образложение

На ден 10.09.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: **Комисијата**) беше поднесена претставка од страна на [redacted] од Скопје против ООУ „Димитар Миладинов" - Скопје претставувано од [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на ментална и телесна попреченост, здравствена состојба и друга основа во областа на работата и работните односи.

Во претставката подносителката наведува дека е вработена во ООУ „Димитар Миладинов", како [redacted]. Училницата во приземјето на училиштето во која одржувала настава од 27ми мај до 17ти јуни 2024 година ѝ била одземена со изговор дека е потребна заради пренамена на истата во сензорна соба, како и од причина што варосувањето било скапо па и било посочено дека можела сама да ја вароса и да ја пренесе смарт таблата и останатите надгледни средства. Понатаму, подносителката наведува дека во текот на целата година молела преминот низ кој треба да помине од паркинг местото до училиштето да ѝ биде слободен, а најчесто бил блокиран од автомобилот на директорката. Подносителката исто така наведува дека добивала и прашања зошто не заминува во пензија. Од април 2022 година подносителката барала да бидат поставени завеси во училницата каде одржувала


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

настава, да биде преселена во приземна училница, да биде решен проблемот со фекалната вода низ која поминувала секојдневно. Воедно, во претставката наведено е дека последните години подносителката добивала решенија за годишен одмор намален за три работни дена. Дополнително, таа добивала забрани за професионален развој, поточно не заминала на повеќе обуки на кои требала да присуствува како обучувач или претставник од земјата. Посочува дека во 2022 година се повредила во училишниот двор и сеуште закрепнува од повредата. На подносителката на претставката во неколку наврати ѝ било препорачано одење по рамна површина и на покуси релации, а ова го соопштувала и на директорката на училиштето, која на секое барање на подносителката да биде преместена во училница на приземјето на училиштето и одговарала неодредено, дека истото ќе биде во иднина. Во февруари 2024 година подносителката од Училишниот одбор побарала помош по што едногласно било одлучено подносителката да добие просторија на приземјето во училиштето и поставиле рок до кога треба да се исчисти просторијата. Подносителката на претставката достави линк од кој се видни условите во училницата: https://sway.cloud.microsoft/diW3BEzzNNpib7s.
Понатаму, се наведува дека директорката не ја испочитувала одлуката на Училишниот одбор и по 3 дена откако подносителката требала да започне со работа во училницата и истата да биде исчистена, ѝ понудила друга училница како и училница на првиот спрат од училиштето со образложение дека биле потребни неколку месеци за чистење односно оспособување на училницата која и било кажано дека може да ја користи, односно во која требала да изведува настава. По ова подносителката пријавила во Државен просветен инспекторат, Општина Центар, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието и други институции. Воедно, подносителката наведува дека по пријавувањето започнал поизразен непријателски однос од страна на директорката кон неа. Подносителката наведува дека за време на наставничките совети неосновано било гласано поправање на конечни оценки кои таа ги утврдила на повеќемина ученици. Таа наведува дека од страна на родителите на учениците секогаш добивала пофални зборови и учениците секогаш знаеле однапред што треба да се научи. Поради нејзината здравствена состојба – утврдена намалена работна способност за 50%, подносителката работи со скратено работно време. Дополнително, таа известува дека во 2021 година била избрана за ментор, но дека скоро половина година не добивала надомест по овој основ.

На ден 29.08.2024 година подносителката била известена дека на 01.07.2024 година од страна на родител на ученик во ООУ "Димитар Миладинов" – Скопје било побарано поведување на дисциплинска постапка против неа. Во тој момент [redacted] ѝ соопштила на именуваната дека повеќе нема да изведува настава во училницата во приземјето на училиштето, туку во училницата на третиот кат во која претходно изведувала настава.. Подносителката потенцира дека претходно се качувала до третиот спрат без проблем, но од 2022 година не била во состојба тоа да го прави. Дополнително, таа наведува дека од страна на Општина Центар усно ѝ било дозволено да паркира на местото каде паркирала 28 години, поточно пред главниот влез.

Во прилог на претставката беа доставени следните докази:

1. Фотографии од училница на приземјето на училиштето од 02.09.2024 и од 03.09.2024 година
2. Претставка до Инспекциски совет од 19.07.2024 година
3. Известување од Државен просветен инспекторат ИП1 бр. 09/2-645
4. Известување ИП1 бр.10-680/3 на Државен инспекторат за труд, од 22.05.2024 година
5. Претставка до Инспекциски совет од 16.07.2024 година
6. Лекарски извештаи
7. Фотографии од училници и од подрумот на училиштето
8. Претставка до Државен просветен инспекторат
9. Известување од страна на [redacted]
10. Електронски дневник со оцени
11. Фотографија со поправени оценки на ученици
12. Решение од Училишниот одбор
13. Одговор на претставка од Државен просветен инспекторат со бр. УПП16-232/2024 од 23.07.2024 година
14. Известување по пријава од Државен инспекторат за труд УП 0907-600 од 17.04.2024 година
15. Барање за поведување на дисциплинска постапка за [redacted] предметен наставник по физика бр. 02-353/1 од 01.07.2024 година
16. Приговор бр 08-309/16 од 18.6.2024 година до ООУ „Димитар Миладинов"- Скопје
17. Решение за поведување на дисциплина постапка против работникот [redacted] бр. 02-353/3 од 19.7.2024 година
18. Решение за формирање Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност бр. 02-353/2 од 4.7.2024 година
19. Записник за прекинување на водење на дисциплинска постапка поради годишен одмор бр. 02-353/4 од 10.7.2024 година
20. Записник бр. 03-454/1 од 5.9.2024 година од одржан состанок на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на работникот [redacted]
21. Известување од директорката на училиштето [redacted]
22. Одговор на барање бр- 03-452/1

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на 16.09.2024 година испрати Барање за произнесување по наводи во претставката со бр. 08-610/2 до ООУ „Димитар Миладинов" - Скопје.

На ден 01.10.2024 година до Комисијата беше доставен Одговор на барање бр. 03-497/1 од 27.09.2024 година од ООУ „Димитар Миладинов" – Скопје, заведено под архивски број на Комисијата 08-610/3.

Во Одговорот се наведува дека согласно Законот за основното образование, интерната распределба на кабинетите, односно училниците, ја врши директорката на училиштето. Се наведува дека вработената [redacted] го користи односно остварува правото на скратено работно време сметано од 15.07.2024 година, а врз основа на наод, оцена и мислење од Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија. Воедно, истакнато е дека во наодот и мислењето не било наведено дека подносителката не треба да се качува по скали, дека имала потреба од посебни рабници, ракофат и слично. Сепак училиштето по барање на подносителката ѝ одобрило да користи училница во приземјето на училиштето.

**Во однос на паркирањето**, се истакнува дека училиштето имало обезбедено хоризонтално обележано паркинг место за лице со попреченост, во согласност со утврдените стандарди, но подносителката одбивала да се паркира на истото, а својот автомобил го оставала пред главниот училишен влез додека обележаното паркинг место било секогаш празно и достапно за неа. Се потенцира дека согласно планот на училишната зграда, пред главниот влез на училиштето бил предвиден простор само за поминување на возила на итните служби, а дополнително во училишниот двор секогаш има присуство на ученици, па следствено и опасност подносителката да повреди ученик/ученици бидејќи токму таму го паркирала својот автомобил.

**Во однос на барањето за обезбедување на училница на приземјето на училиштето**, се наведува дека истото ѝ било одобрено на подносителката, но од причина што училиштето не било во можност да ги покрие трошоците за опремување на училницата со смарт табла и други дидактички помагала, на подносителката ѝ бил обезбеден лаптоп и проектор.

**Во однос на постапувањето на наставничкиот совет**, се наведува дека секоја година имало голем број на приговори по годишните оценки кои подносителката ги утврдувала на ученици по предметот [redacted]. Меѓутоа, приговори за оценки се поднесувале и по други предмети, за што наставничкиот совет исто така одлучувал, а во рамки на законските надлежности.

**Во однос на менторството**, се наведува дека со Решение бр. 18-1188-462 од 30.06.2021 година од страна на Министерството за образование и наука на подносителката ѝ било утврдено звањето наставник-ментор. За истото училиштето добило известување од ресорното министерство на 04.11.2021 година по што на подносителката на 10.11.2021 година и било дадено решение за работни задолженија на наставник – ментор, а врз основа на што и биле доделувани кандидати согласно приправничкиот стаж. Се напоменува дека заради малиот број на паралелки и распределбата на наставен кадар во училиштето речиси и да немало приправници поради што подносителката немала кандидати, но независно од наведеното секој месец и се исплаќала плата согласно коефициентот за наставник – ментор.

**Во однос на годишниот одмор**, се наведува дека на [redacted] и е утврдено право на годишен одмор во траење од 29 работни дена, а согласно закон и колективен договор. Воедно се посочува дека на подносителката не ѝ е оневозможен ниту кариерен напредок, ниту било кое друго право и дека истата имала посетувано голем број на семинари и обуки.

Во прилог на Одговорот доставени се следните докази:

1. Согласност бр. 09-4159/2 од 21.10.2021 година на Министерството за информатичко општество и администрација,
2. Известување до [redacted] од ООУ Димитар Миладинов Скопје бр. 03-117/1 од 07.03.2024 година
3. Известување до Народен правобранител од ООУ „Димитар Миладинов" - Скопје бр. 03-885/1 од 22.09.2022 година
4. Барање од [redacted] до ООУ „Димитар Миладинов" бр. 03-647/1 од 27.10.2023 година
5. Решение за утврдување на скратено работно време на работник поради намалена работна способност од 15.07.2024 година
6. Известување од Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Сверна Македонија и.бр. 70392 од 27.06.2024 година
7. Наод, оцена и мислење број 635, архивски број 2024/1986 на Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија
7. Записник за извршен инспекциски надзор ИП 1 бр. 0907-600 од 16.04.2024 година на Државен инспекторат за труд
8. Записник за извршен инспекциски надзор со бр. 10-680/1 од 17.05.2024 година од Државен инспекторат за труд
9. Записник за извршен инспекциски надзор со бр. 09/2-645 од 09.07.2024 година од Државен просветен инспекторат
10. Записник за извршен инспекциски надзор со бр. 0907-1130 од 22.07.2024 година од Државен инспекторат за труд
11. Решение со бр. 18-1188/462 од 30.6.2021 година од Министерството за образование и наука

12. Решение за работни задолженија на наставник-ментор бр 02-832/1 од 10.11.2021 година од ООУ „Димитар Миладинов"- Скопје
13. Барање за доставување на мислење од Министерството за образование и наука
14. Анекс на договорот за вработување на неопределено време со бр. 04-832/3 од 10.11.2021 година
17. Поддршка – препорака бр. 04-686 од 20 од [redacted] ООУ Димитар Миладинов Скопје
бр. 04-468/1 од 12.9.2024 година

Согласно член 29 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата достави Брање бр. 08-610/4 од 16.10.2024 година, за вршење на непосреден увид во ООУ „Димитар Миладинов" – Скопје и остварување на службен разговор.

На 21.10.2024 година беше извршен увидот во ООУ „Димитар Миладинов" – Скопје евидентиран на Записник 08-610/5. Претставник од училиштето беше [redacted] Именуваниот наведе дека наставничката [redacted] е лице кое е со утврдена телесна попреченост (повеќе од 50%). Заклучно со месец мај 2023 година именуваната наставничка користела кабинет на третиот спрат на училиштето, во кој ја изведувала наставата по предметот – [redacted] Во март 2024 година на наставничката од страна на надлежните во училиштето и било понудено да избере помеѓу кабинетите во кои се изведува настава по ликовно образование или техничко образование, кои се наоѓаат на приземјето на училиштето, а чие користење не го прифатила поради потребата да извршува настава во засебен кабинет во кој ќе ги смести дидактичките средства потребни за изведување настава. Посочи дека именуваната го избрала кабинетот по информатика во кој немало услови за изведување на настава, а училиштето немало средства да го реновира. Овој кабинет бил посетен и од санитарен инспектор кој дал напатствија дека истиот не може да се користи и да се земат во предвид ризиците по здравјето на учениците.

Секретарот наведе дека од септември 2024 година наставничката го користела кабинетот по техничко образование, а со директорката на училиштето постигнале договор да и биде отстапен кабинет по информатика за кој училиштето вложило напори да го оспособи за настава. Дополнително, по посетата, кабинетот е доуреден согласно барањата на подносителката, за што се приложени и докази од страна на училиштето. На наставничката и бил даден лап топ и проектор за изведување на настава. Не и била дадена смарт табла со оглед на трошокот кој би настанал за училиштето, а кој не бил предвиден. Посочи дека состојбата со кабинетот по информатика во моментот е пристојна, доколку се земе предвид дека повеќе од десетина години во овој кабинет не била одржувана настава.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

На крајот, секретарот наведе дека за училиштето е проблем што наставничката го паркира нејзиното моторно возило пред самиот влез на училиштето со што ги доведува и учениците во опасност. Од аспект на работното време посочи дека согласно законот, обврска на наставниците е да бидат присутни на работното место 6 часа во текот на училишниот ден, а со оглед дека на наставничката [redacted] и е овозможено користење на скратено работно време, истата имала обврска да присуствува 3 часа во континуитет на работното место, кое нешто не секогаш било така, а за што училиштето не преземало никакви мерки. Од аспект на распоредот на часови наведе дека на наставничката и се излегувало во пресрет и секогаш се водело сметка последователно да има часови како не би останувала подолго од она што е предвидено со оглед на правото кое го користи. Именуваната го има стекнато звањето наставник-ментор и за истото и е пресметан соодветен коефициент кој и влегува во пресметката за плата, додека пак надоместок за менторство не земала поради тоа што во моментот немало кандидати.

Врз основа на сето изнесено, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: подносителката [redacted] е вработена во ООУ "Димитар Миладинов" – Скопје како наставничка [redacted] На имануваната со наод, оцена и мислење на Комисија за оцена на работната способност и е утврдено намалување на работната способност за 50% поради што од страна на работодавачот ООУ "Димитар Миладинов" – Скопје на 15.07.2024 година е донесено Решение со кое е продолжено остварувањето на право на скратено работно време на работничката [redacted] во траење од 4 часа дневно, односно 20 работни часа неделно. Од аспект на достапно соодветно паркинг место, во рамки на училишниот двор паркинг место за лица со попреченост е обележано од страна на Паркинзи на Општина Центар согласно стандардите и истото на подносителката и е достапно за паркирање на приватното моторно возило. Дополнително, наставничката својот автомобил го паркира пред главниот влез на училиштето кој според стандардите на училишната зграда треба да биде слободен и prooден за евентуални потреби на амбулантно возило и возило на противпожарна екипа. Со оглед на видот и степенот на попреченост на подносителката работодавачот одговорил на нејзино барање и обезбедил училница, односно кабинет во приземјето на училиштето кој на почетокот бил несоодветен за изведување настава, но по соодветно санирање бил доведен во состојба која од хигиенски и здравствен аспект одговара на потребите за изведување настава. На наставничката од страна на училиштето и бил даден лаптоп и проектор за потребите на наставниот процес. Воедно од страна на работодавачот и се утврдени права, обврски и одговорности кои произлегуваат од работниот однос за работно место на наставничката која се стекнала со звање наставник – ментор за што соодветно е утврден и коефициент на плата. Исто така на работничката и се одобрени и користи дополнителни 3 (три) работни дена годишен одмор по основ на возраст, а врз основа на Законот за работни односи заради што е донесено Решение број 04-298 од 11.06.2024 година. Воедно од целокупниот доказен

материјал се утврдува дека именуваната во континуитет посетувала семинари и обуки со цел стручно усовршување.

По вака утврдената фактичка состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека кон подносителката [redacted] од Скопје не е извршена дискриминација врз основа на ментална и телесна попреченост, здравствена состојба и друга основа во областа на работа и работни односи, од страна на ООУ "Димитар Миладинов" – Скопје, претставувано од [redacted], онака како е опишана во член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација според кој "*Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.* ***Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".***

Имено, концептот на еднаквост и недискриминација го опфаќа и соодветното приспособување кое пред се се однесува на лицата со попреченост. Во член 2 од Конвенцијата за правата на лица со попреченост на Организацијата на обединетитет нации, чија потписничка е и нашата држава, уредено е дека соодветно приспособување претставува *"неопходно и соодветно изменување или приспособување потребно во одреден случај и кое не претставува несразмерен товар, а со цел обезбедување на уживањето или користењето на сите човекови права и основни слободи на лицата со попреченост на еднаква основа со другите."* Ваквата обврска особено се однесува на соодветното приспособување во работната сфера. При тоа какво приспособување е соодветно може да се утврди единствено ако се направи индивидуална анализа што ќе ја земе предвид состојбата на лицето со попреченост, пред се. Сепак, обврската за соодветно приспособување не оди до бесконечност туку е ограничена. Во оваа смисла видови на соодветно приспособување кои работодавачите можат, односно треба да ги преземат, можат да се однесуваат на намалување на работното време, намалување на обемот и видот на работните задачи, постапка за повторно вработување, пристап до место за паркирање, итн. Заклучно, соодветното приспособување во областа на вработувањето и работните односи опфаќа три процеси, и тоа – процес на конкурирање за определено работно место или обука, процес на вршење на работните задачи опфаќајќи ги и работните простории и уживањето на користа и привилегиите од работниот однос.[1]

[1] Антидискриминациско право, мај 2024 година, д-р Жанета Попоска, д-р Лазар Јовевски и д-р Јулиус Ростас

Со оглед на изнесеното, а пред се земена во предвид фактичката состојба, се утврдува дека во конкретниот случај, работодавачот ООУ "Димитар Миладинов" – Скопје претставувано од [redacted] ги превземало сите активности и дејствија во насока на почитување и остварување на правата од работен однос на вработената [redacted] од Скопје, како и дејствија во насока на обезбедување на соодветно приспособување и овозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, односно нејзиното работно место, а земена предвид здравствената состојба, односно степенот на попреченост на подносителката.

Врз основа на сето погоренаведено, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
11.12.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- ООУ „Димитар Миладинов" – Скопје, бул. „Кочо Рацин", бр.4, 1000 Скопје
- [redacted]
- Архива на КСЗД